20250821800

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА**

Врз основа на член 114 став (5) од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 153/19, 92/21, 222/24 и 59/25), министерот за дигитална трансформација донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА НАЛОГОТ ЗА ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ПРИСТАПОТ ДО И КОРИСТЕЊЕТО НА УСЛУГИ И АПЛИКАЦИИ ПРЕКУ ЈАВНИТЕ ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ ВО СЛУЧАИ НА НЕЛЕГАЛНО ПРИРЕДУВАЊЕ ИГРИ НА СРЕЌА ПРЕКУ ВЕБ-СТРАНИЦА ИЛИ ВЕБ-АПЛИКАЦИЈА, КАКО И НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИСТИОТ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на налогот за ограничување на пристапот до и користењето на услуги и апликации преку јавните електронски комуникациски мрежи во случаи на нелегално приредување игри на среќа преку веб-страница или веб-апликација, како и начинот на спроведување на истиот.

Член 2

(1) Налогот за ограничување на пристапот до и користењето на услуги и апликации преку јавните електронски комуникациски мрежи во случаи на нелегално приредување игри на среќа преку веб-страница или веб-апликација се доставува во писмена форма во А4 формат на хартија во бела боја и/или во електронска форма.

(2) Формата и содржината на налогот од ставот (1) на овој член се дадени во Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

По доставување на налогот за ограничување на пристапот до и користењето на услуги и апликации преку јавните електронски комуникациски мрежи во случаи на нелегално приредување игри на среќа преку веб-страница или веб-апликација од Министерството за дигитална трансформација до Агенцијата за електронски комуникации, па од Агенцијата за електронски комуникации до операторите на  електронските комуникациски мрежи врз основа на податоците и во роковите утврдени во член 114 ставови (3) и (4) од Законот за електронските комуникации, операторите на електронските комуникациски мрежи треба веднаш да го спроведат налогот со тоа што на секоја веб-страница или веб-апликација на која и е ограничен пристапот до и користењето на услуги и апликации преку јавните електронски комуникациски мрежи се објавува текстот „Оваа веб-страница или веб-апликација е блокирана согласно член 19 точки 1) и 5) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри, а согласно член 158 точки 1) и 2) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри ако физичко лице учествува во странски игри на среќа, во кои влоговите се уплаќаат на територијата на Република Северна Македонија или учествува во игри на среќа или забавни игри кои се приредуваат без издадена лиценца, односно дозвола се изрекува глоба во износ од 150 до 250 евра во денарска противвредност. “.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 14-748/3
17 април 2025 година
Скопје

Министер
за дигитална трансформација,
**Стефан Андоновски,** с.р.

Прилог

НАЛОГ ЗА ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ПРИСТАПОТ ДО И КОРИСТЕЊЕТО НА УСЛУГИ И АПЛИКАЦИИ ПРЕКУ ЈАВНИТЕ ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ ВО СЛУЧАИ НА НЕЛЕГАЛНО ПРИРЕДУВАЊЕ ИГРИ НА СРЕЌА ПРЕКУ ВЕБ-СТРАНИЦА ИЛИ ВЕБ-АПЛИКАЦИЈА

| Реден број | Име на домен/веб-страница/веб-апликација | Датум на доставување на налогот од Министерството за дигитална трансформација до Агенцијата за електронските комуникации |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |

Министер
за дигитална трансформација

________________________

(потпис)